Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги



# СОПСТВЕНОСТА НА МЕДИУМИТЕ ВО 2023 ГОДИНА

## СОДРЖИНА


ВОВЕД ..... 4
СОПСТВЕНИЧКА СТРУКТУРА НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ ..... 5
ТЕЛЕВИЗИИ НА ДРЖАВНО НИВО ..... 6
ТЕЛЕВИЗИИ НА РЕГИОНАЛНО НИВО ..... 12
ТЕЛЕВИЗИИ НА ЛОКАЛНО НИВО ..... 16
РАДИОСТАНИЦИ НА ДРЖАВНО НИВО ..... 17
РАДИОСТАНИЦИ НА РЕГИОНАЛНО НИВО ..... 18
РАДИОСТАНИЦИ НА ЛОКАЛНО НИВО ..... 20
ИНТЕГРАЦИЈА НА КАПИТАЛОТ КАЈ РАДИОДИФУЗЕРИТЕ ..... 23
ПРОМЕНИ НА СОПСТВЕНИЧКАТА СТРУКТУРА НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ ВО 2022 ГОДИНА ..... 24
СОПСТВЕНИЧКА СТРУКТУРА НА ИЗДАВАЧИТЕ НА ПЕЧАТЕНИ МЕДИУМИ ..... 25
РЕЗИМЕ ..... 29

## ВОВЕД

За да се постигне повисок степен на транспарентност на медиумската сопственост, покрај тоа што редовно ги објавува на својата веб страница податоците за сопствениците на радиодифузерите, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги веќе неколку години по ред објавува годишни извештаи за сопственоста на медиумите.

Овој извештај се однесува на состојбата во 2023 година, поточно ги содржи податоците за сопствениците на телевизиите, радиостаниците и издавачите на печатени медиуми според тековните состојби издадени од Централниот регистар на РС Македонија во март 2023 година, како и објавите во дневен весник на податоците за сопственичката структура на издавачите на печатени медиуми.

Покрај тоа, во извештајот се содржани и информации во врска со промените на сопственичката структура на радиодифузерите во претходната година, како и податоци за интеграцијата на капиталот кај радиодифузерите.

# СОПСТВЕНИЧКА СТРУКТУРА НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ

## ТЕЛЕВИЗИИ НА ДРЖАВНО НИВО

Една од петте телевизии (ТВ Канал 5) што емитуваат програма на државно ниво преку дигитален терестријален предавател е во сопственост на физичко лице, една (ТВ Алсат-М) е во сопственост на две физички и едно правно лице, а сопственици на останатите три се правни лица.

**Табела 1: Сопственичка структура на телевизиите на државно ниво преку терестријален предавател**

| | **телевизија** | **сопственик/ци и удел во сопственоста** |
|---|---|---|
| 1 | ТВ Алсат-М | ▪ Ферик Велија - 0.07%<br>▪ Имихане Велија - 0.07%<br>▪ Друштво за производство, инженеринг, консалтинг, трговија и услуги ВЕВЕ ГРОУП ДОО Скопје - 99.86% |
| 2 | ТВ Алфа | АЛФА СКОП ДОО експорт-импорт Скопје - 100% |
| 3 | ТВ Канал 5 | Емил Стојменов - 100% |
| 4 | ТВ Сител | МОНТЕКО - 100% |
| 5 | ТВ Телма | Макпетрол АД Скопје - 100% |

Сопственици на ТВ Алсат-М се физичките лица Ферик Велија и Имихане Велија, кои поседуваат по 0,07% од сопственоста на телевизијата, и правното лице Друштво за производство, инженеринг, консалтинг, трговија и услуги ВЕВЕ ГРОУП ДОО Скопје, со удел од 99.86% во сопственоста. Ова правно лице е во сопственост на две физички лица – Зана Велија и Имихане Велија.



ТВ Алфа е во целосна сопственост на правното лице Трговско друштво со ограничена одговорност за промет и услуги АЛФА СКОП ДОО експорт-импорт од Скопје, чии сопственици се четири правни лица: Друштво за услуги ЦХС ИНВЕСТ ГРОУП ДООЕЛ Скопје, Макошпед АД, Технометал-Вардар АД-во стечај и Европа Скопје.




*Инвеститори кои поседуваат над 5% од која било класа на хартии од вредност (според податоците од веб страницата на Централниот депозитар на хартии од вредност – состојба на 26.06.2023 година)

Најголем дел од сопственоста на телевизијата (57%) е на Друштвото за услуги ЦХС ИНВЕСТ ГРОУП ДООЕЛ Скопје, чиј доминантен сопственик е друго правно лице - Друштво за трговија и услуги ТАРГЕТ МЕДИА ДООЕЛ Скопје. Според податоците од Централен регистар на РС Македонија, ова правно лице е во целосна сопственост на физичкото лице Петер Схатз од Унгарија.

Краен сопственик на ТВ Сител е физичкото лице Горан Ивановски, коешто е единствен сопственик на правното лице Монтеко, во чија сопственост е телевизијата.




Сопственик на ТВ Телма е акционерското друштво Макпетрол од Скопје.




Две од шесте телевизии што емитуваат програма на државно ниво преку неограничен ресурс се во сопственост на физички лица – ТВ Сонце (сопственик на оваа телевизија е Ѓорѓија Атанасоски) и Наша ТВ (сопственик е Ристо Гоговски).

**Табела 2: Сопственичка структура на телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс**

| | **телевизија** | **сопственик/ци и удел во сопственоста** |
|---|---|---|
| 1 | ТВ Компани 21- М | КОМПАНИ 21 ДОО, Приштина, Косово - 100% |
| 2 | ТВ Шења | Друштво за трговија и услуги МЕДИА ВОРЛД НЕВС ДООЕЛ Скопје - 100% |
| 3 | ТВ Клан | АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ТВ КЛАН, Тирана, Албанија - 100% |
| 4 | ТВ Сонце | Ѓорѓија Атанасоски - 100% |
| 5 | ТВ 24 Вести | Цабле 24 ДОО Линц, Австрија - 100% |
| 6 | Наша ТВ | Ристо Говски - 100% |

Телевизија Компани 21-М е во целосна сопственост на правното лице Компани 21 ДОО од Приштина. Сопственици на ова правно лице се физичките лица Афердита Келменди, со удел од 60% во сопственоста, Еуген Сарачини со 20% и Флорин Келменди и Џералдина Вула со удел од по 10% во сопственоста.




Краен сопственик на ТВ Шења е лицето Таџудин Шабани од Скопје, кој во сопственоста на телевизијата се јавува преку две правни лица – Друштвото за трговија и услуги Медиа Ворлд Невс ДООЕЛ од Скопје и Фондацијата за култура и образование КУЛТ ВИЗИОНИ, исто така од Скопје.




Телевизија Клан е во сопственост на правното лице АД ТВ Клан, регистрирано во Тирана, Република Албанија. Сопственици на ова правно лице се физичките лица Александар Франгај, со 60% од сопственоста, и Албина Гина, со 40%.




Според податоците во официјалните документи издадени од Централниот регистар на РС Македонија и од трговскиот регистар на Австрија, краен сопственик на ТВ 24 Вести од Штип е физичкото лице Јирген Мајкснер од Австрија. Ова лице ја поседува телевизијата преку две компании основани во Линц, Австрија – Цабле 24 ДОО, која е сопственик на телевизијата и JM Дата, која е сопственик на Цабле 24 ДОО.


ТВ 24 ВЕСТИ
100%
Цабле 24
100%
ЈМ Дата
100%
Јирген Мајкснер

## ТЕЛЕВИЗИИ НА РЕГИОНАЛНО НИВО

Четири регионални телевизии се во сопственост на правни лица – ТВ К&М, ТВ М НЕТ-ХД, ТВ Вистел и ТВ Ера, сопственици на една (ТВ Ирис) се правно и физичко лице, а останатите 13 се во сопственост на едно или две физички лица.

**Табела 3: Сопственичка структура на телевизиите на регионално ниво**

| | **телевизија** | **сопственик/ци и удел во сопственоста** |
|---|---|---|
| 1 | ТВ Тера | Зоран Манговски - 100% |
| 2 | ТВ М | Михајло Арнаудов - 100% |
| 3 | ТВ Стар | Христијан Марјанов - 90%<br>Розетка Моневска - 10% |
| 4 | ТВ Канал Вис | Јанко Мицев - 100% |
| 5 | ТВ Ирис | Баргала АД Штип - 97,57%<br>Владимир Милановиќ - 2,43% |
| 6 | ТВ Кобра | Ленче Литајковска - 50%<br>Игор Литајковски - 50% |
| 7 | ТВ Полог | Мунир Мехдиу - 100% |
| 8 | ТВ Топестрада | Виган Ибиши - 100% |
| 9 | Телевизија 3 | Виктор Серафимов - 100% |
| 10 | ТВ К&М | Друштво за трговија и услуги КИСС & МЕНАДА ДОО Тетово - 100% |
| 11 | ТВ М НЕТ - ХД | Друштво за трговија, производство и услуги М НЕТ-ХД ДОО увоз-извоз Штип -100% |
| 12 | ТВ Вистел | Друштво за производство, туризам, промет и услуги ПРЕОБРАЗБА ДООЕЛ Скопје - 100% |
| 13 | ТВ Едо | Енес Бабачиќ - 100% |
| 14 | ТВ Ера | Друштво за трговија и услуги МЕДИА ВОРЛД НЕВС ДООЕЛ Скопје - 100% |
| 15 | ТВ МТМ | Гордана Андреевска - 100% |
| 16 | ТВ Шутел | Антоние Стојчески - 100% |
| 17 | ТВ КТВ | Ангел Данов - 100% |
| 18 | ТВ Коха | Меваип Абдиу - 100% |

97,57% од сопственоста на ТВ Ирис е на Акционерското друштво Баргала од Штип.




Телевизија К&М од Тетово е во сопственост на правното лице Друштво за трговија и услуги КИСС & МЕНАДА ДОО Тетово, чиј доминантен сопственик е физичкото лице Александар Митковски, кое поседува 45% од сопственоста. По 27,5% поседуваат лицата Ивица Хаџииљоски и Ацо Новески.



Единствен сопственик на Телевизија М НЕТ-ХД е правното лице Друштво за трговија, производство и услуги М НЕТ-ХД ДОО увоз-извоз Штип. Во сопственоста на ова правно лице подеднакво учество имаат три физички лица – Горан Христовски, Благој Серсемов и Трајче Андонов.




Сопственик на ТВ Вистел е правното лице Друштво за производство, туризам, промет и услуги ПРЕОБРАЗБА ДООЕЛ Скопје, кое е во целосна сопственост на физичкото лице Петар Каревски.



Краен сопственик на ТВ ЕРА е физичкото лице Таџудин Шабани.



## ТЕЛЕВИЗИИ НА ЛОКАЛНО НИВО

Сите локални телевизии се во сопственост на физички лица. Во табелата во продолжение се претставени податоците за нив.

**Табела 4: Сопственичка структура на телевизиите на локално ниво**

| | радиодифузер | сопственик/ци, место на престој и удел во сопственоста |
|---|---|---|
| 1 | ТВ Феста | Неџати Аќифи - 100% |
| 2 | ТВ К | Лазо Димитров - 100% |
| 3 | ТВ Канал 8 | Тони Ајтовски - 100% |
| 4 | ТВ Протел | Чедо Петров - 100% |
| 5 | ТВ Здравкин | Ангелче Здравкин - 100% |
| 6 | ТВ Калтрина | Мазар Татеши - 100% |
| 7 | ТВ Спектра | Демиш Каримански - 100% |
| 8 | ТВ Дибра | Илир Лела - 100% |
| 9 | ТВ Гурра | Мерита Адиљи - 100% |
| 10 | ТВ Дуе | Назми Елези - 100% |
| 11 | Г-ТВ | Блерим Мустафи - 100% |
| 12 | ТВ Ускана медиа | Мунир Мехдиу - 100% |
| 13 | ТВ Њуз | Амир Хамити – 100% |
| 14 | ТВ Свет | Драган Дечков - 51%<br>Ѓорги Дечков - 49% |
| 15 | ТВ Плус | Ивана Петровска - 66.7%<br>Ристо Илиевски - 33.3% |

## РАДИОСТАНИЦИ НА ДРЖАВНО НИВО

Сопственици на РА Антена 5 се физичките лица Зоран Петров, Марјан Гушев и Коста Јаневски, на РА Метрополис - Дарко Гелев и Миле Ѓошевски, а на РА Јон – Гоце Стојковски и Фисник Татеши. Во табелата подолу се дадени уделите во основачкиот капитал (во проценти), кои секое од овие лица ги поседува.

**Табела 5: Сопственичка структура на радиостаниците на државно ниво**

| | **радиостаница** | **сопственик/ци и удел во сопственоста** |
|---|---|---|
| 1 | РА Антена 5 | Зоран Петров – 33,3%<br>Марјан Гушев – 33,3%<br>Коста Јаневски – 33,3% |
| 2 | РА Канал 77 | Друштво за трговија, услуги, маркетинг и информации ГБЦ КОМУНИКАЦИИ ДООЕЛ Штип – 100% |
| 3 | РА Метрополис | Дарко Гелев – 50,04%<br>Миле Ѓошевски – 49,96% |
| 4 | РА Јон | Гоце Стојковски – 62,5%<br>Фисник Татеши – 37,5% |

Само РА Канал 77 е во сопственост на правно лице - Друштво за трговија, услуги, маркетинг и информации ГБЦ КОМУНИКАЦИИ ДООЕЛ Штип. Ова правно лице е во целосна сопственост на лицето Виктор Гаврилов.



## РАДИОСТАНИЦИ НА РЕГИОНАЛНО НИВО

Од вкупно 16 регионални радиостаници, 15 се комерцијални, а една е непрофитна радиодифузна установа и функционира како посебна организациона единица во рамки на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“.

**Табела 6: Сопственичка структура на радиостаниците на регионално ниво**

| | радиостаница | сопственик/ци и удел во сопственоста |
|---|---|---|
| 1 | РА Арачина | Муарем Исмаили - 100% |
| 2 | РА Буба Мара | Ранко Петровиќ - 100% |
| 3 | РА Ват | Мефаил Кадри - 50%<br>Екрем Кадри - 50% |
| 4 | РА Зона М-1 | Светлана Тасевска - 100% |
| 5 | РА Урбан ФМ | Робин Зимбаков - 100% |
| 6 | РА Клуб ФМ | Ѓорѓи Савев - 34%<br>Елена Петреска - 66% |
| 7 | РА Лајф ФМ | Крешник Ајдини - 100% |
| 8 | РА Роса АБ | Александар Димитров - 100% |
| 9 | РА РФМ | Ристо Гоговски - 100% |
| 10 | РА Сити | Дарко Гелев - 100% |
| 11 | РА Скај | Теодор Манески - 100% |
| 12 | РА Хит | Друштво за промет и услуги ТИБЕЛ ИНВЕСТ ДООЕЛ Скопје - 100% |
| 13 | РА Спортско радио 90,3 | Тони Митев - 100% |
| 14 | УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО СТУДЕНТ ФМ 92.9 | Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје |
| 15 | РА Фортуна | Виолета Божиноска - 100% |
| 16 | РА Џез ФМ | Љупчо Хаџи-Стефанов - 100% |

Само една комерцијална регионална радиостаница е во сопственост на правно лице – радиостаницата Хит. Краен основач на оваа радиостаница е физичкото лице Асмира Кочан.



## РАДИОСТАНИЦИ НА ЛОКАЛНО НИВО

Програма на локално ниво емитуваат 43 радиостаници - 40 комерцијални и три непрофитни. 34 радиостаници се во сопственост на по едно физичко лице, по две физички лица се јавуваат како сопственици на четири радиостаници, две се универзитетски радија, а три се во сопственост на правни лица (РА Свети Николе, РА Енџелс ФМ и РА Марија Благовест).

**Табела 7: Сопственичка структура на радиостаниците на локално ниво**

| | радиостаница | сопственик/ци и удел во сопственоста |
|---|---|---|
| 1 | РА 106 | Кире Христовски - 100% |
| 2 | РА Б-97 | Марија Младеновска Димитровска - 100% |
| 3 | УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УКЛО ФМ | Универзитет „Св. Климент Охридски“ Битола |
| 4 | РА Валандово | Снежана Шунтова - 50%<br>Дионис Нунов - 50% |
| 5 | РА Голди | Маја Чадиева - 100% |
| 6 | РА Мерак 5 ФМ | Димче Саздов - 50%<br>Љупчо Несторов - 50% |
| 7 | РА Ла Коста | Бранко Ивановски - 100% |
| 8 | РА Комета | Зоран Мацоски - 100% |
| 9 | РА ПРО-ФМ | Пајтим Саити - 50%<br>Астрит Садику - 50% |
| 10 | РА Балкан ФМ | Илкер Јусуф - 100% |
| 11 | РА Тајм | Павле Јовановски - 100% |
| 12 | РА Зора | Сунчица Маринкова-Сосиева - 100% |
| 13 | РА Галакси-2002 | Нада Ангелова - 100% |
| 14 | РА Кавадарци | Трајанка Митрова - 100% |
| 15 | РА Александар Македонски | Илија Таневски - 100% |
| 16 | РА Акорд | Зорица Ѓореска - 100% |
| 17 | РА Медисон | Нада Јосифоска - 100% |
| 18 | РА Ускана-Плус | Арбер Мехдиу - 100% |
| 19 | РА Кочани ФМ | Илчо Лазаровски - 50%<br>Илија Стефановски - 50% |
| 20 | РА Бум | Сузана Андоновиќ - 100% |
| 21 | РА Јехона ФМ | Бесим Шабани - 100% |
| 22 | РА Пулс | Марјан Тодоров - 100% |
| 23 | РА Супер | Сашо Митаноски - 100% |
| 24 | РА 5 Чоки | Илија Бошкоски - 100% |
| 25 | РА Мефф | Билјана Јовеска - 100% |

| | | |
|---|---|---|
| 26 | РА Холидеј | Ленче Андоноска - 100% |
| 27 | РА Пела | Гордана Цветаноска - 100% |
| 28 | РА Еко | Дарко Пановски - 100% |
| 29 | РА Модеа | Благе Монев - 100% |
| 30 | РА Свети Николе | Пензиско и инвалидско осигурување Скопје - 12%<br>Меѓународен Славјански институт Москва, Свети Николе 88% |
| 31 | РА Плеј | Никола Бебекоски - 100% |
| 32 | РА Ррапи | Фисник Бектеши - 100% |
| 33 | РА Експрес | Соња Појразовска - 100% |
| 34 | РА Хит | Стево Трајков - 100% |
| 35 | РА Блета | Африм Рамадани - 100% |
| 36 | РА Кисс | Зоран Тодоровски - 100% |
| 37 | РА Плус Форте | Небојша Карапејовски - 100% |
| 38 | РА 7 | Енкелејда Шелбурне - 100% |
| 39 | РА Ред ФМ | Арба Мехмети - 100% |
| 40 | РА Енџелс | Друштво за продукција, услуги и трговија ЕНЏЕЛС ПЛУС ДООЕЛ Штип - 100% |
| 41 | УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ | Универзитет „Гоце Делчев“, Штип |
| 42 | РА Марија - Благовест | Здружение РАДИО МАРИЈА МАКЕДОНИЈА Струмица - 100 % |
| 43 | РА Импулс | Горанчо Тасев - 100% |

Мнозински сопственик на РА Свети Николе е Друштвото за интелектуални услуги и едукативни дејности Меѓународен Славјански институт Москва ДООЕЛ, Свети Николе, со учество од 88% во основната главнина. Ова правно лице е во сопственост на друг правен субјект, чиј единствен сопственик е физичкото лице Јордан Ѓорчев. Сопственик на удел од 12% во сопственоста на оваа радиостаница е Пензиското и инвалидско осигурување на Македонија.



Краен сопственик на РА Енџелс ФМ е лицето Зоран Илиев, кое ја поседува радиостаницата преку правното лице Друштво за продукција, услуги и трговија ЕНЏЕЛС ПЛУС ДООЕЛ Штип.




Третата локална радиостаница која е во сопственост на правно лице е Марија Благовест. Основач на ова непрофитно радио е Здружението Радио Марија Македонија, чиишто основачи се физичките лица Јадранка Чадиновска и Ратислав Кардалев (во тековната состојба на Здружението, издадена од Централниот регистар на РС Македонија, нема податоци за уделот на овие две лица во неговата сопственост).



## ИНТЕГРАЦИЈА НА КАПИТАЛОТ КАЈ РАДИОДИФУЗЕРИТЕ

Сопственичка поврзаност се јавува кај следните радиодифузери: 1) кај националната телевизија Шења и регионалната телевизија Ера, 2) кај националната телевизија Наша ТВ и регионалната радиостаница РФМ, 3) кај регионалната телевизија Полог и локалната телевизија Ускана медиа и 4) кај националната радиостаница Метрополис и регионалната радиостаница Сити.

Краен сопственик на ТВ Шења и ТВ Ера е физичкото лице Таџудин Шабани, кој се јавува како основач на овие два радиодифузера преку две компании – Медиа Ворлд Невс и Култ Визиони.

Единствен сопственик на Наша ТВ и РА РФМ е физичкото лице Ристо Годовски.

Сопственик на ТВ Полог и ТВ Ускана медиа, со учество од 100% во сопственоста на двата радиодифузера е лицето Мунир Мехдиу.

Заеднички сопственик на РА Метрополис и на РА Сити е Дарко Гелев. Ова физичко лице е единствен сопственик на РА Сити и на 50,04% од сопственоста на РА Метрополис.

## ПРОМЕНИ НА СОПСТВЕНИЧКАТА СТРУКТУРА НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ ВО 2022 ГОДИНА

Во 2022 година Агенцијата донесе две одлуки со кои одобри промена во сопственичката структура на регионалната телевизија Шутел[1] и на локалната радиостаница Ла Коста[2].

Промената кај ТВ Шутел се однесуваше на целосно истапување од сопственоста на физичкото лице Валентин Бајрам и пристапување на физичкото лице Енвер Иљаз. Оваа промена беше реализирана во Централниот регистар на РС Македонија во март 2022 година.

Радиостаницата ЛА Коста изврши промена на сопственичката структура на начин што од сопственоста истапи физичкото лице Дафинка Костадинова, а пристапи физичкото лице Бранко Ивановски. Радиостаницата ја реализираше промената во Централниот регистар во ноември 2022 година.

Двете промени Агенцијата ги одобри откако констатираше дека со нивното спроведување не се создава недозволена медиумска концентрација, односно тие не се спротивни на одредбите од Глава 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

[1] Одлука за промена на сопственичката структура на ТВ Шутел бр. 02-26 од 08.02.2022 година
[2] Одлука за промена на сопственичката структура на РА Ла Коста бр. 02-322 од 04.11.2022 година

## СОПСТВЕНИЧКА СТРУКТУРА НА ИЗДАВАЧИТЕ НА ПЕЧАТЕНИ МЕДИУМИ

Во регистарот на издавачи на печатени медиуми кој го води Агенцијата, во моментот на изработка на оваа публикација се евидентирани 21 издавач на печатен медиум, кои заедно издаваат вкупно 23 печатени медиуми (весници или магазини).

Единаесет издавачи на печатени медиуми имаат по еден сопственик. Во сопственост на повеќе од едно лице (физичко или правно) се осум издавачи. Станува збор за издавачите на „Слободен печат", „Коха", „Капитал", „Економија и бизнис", Убавина и здравје", „The Economist", „Порта 3", „Зенит" и „Емитер". Издавачите на два печатени медиуми („Шења" и „Лице в лице") се здруженија и тие немаат сопственици.

Правни лица се јавуваат како сопственици на само три издавачи, и тоа на: 1) Друштвото за производство, промет и услуги РЕПРО ПРИНТ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на „Нова Македонија"; 2) Друштвото за издавање и маркетинг СЛОБОДЕН ПЕЧАТ ДОО Скопје, издавач на „Слободен печат"; и Трговското друштво за новинско издавачка дејност трговија производство и услуги КАПИТАЛ МЕДИА ГРОУП ДОО увоз-извоз Скопје, издавач на „Капитал". Сопствениците на другите издавачи се физички лица.

**Табела 8: Сопственичка структура на издавачите на печатени медиуми**

| | издавач на печатен медиуми | медиум | сопственик/ци, место на престој и удел во сопственоста |
|---|---|---|---|
| 1 | Друштво за производство, промет и услуги РЕПРО ПРИНТ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје | „Нова Македонија" | РЕПРО ОНЕ ЛИМИТЕД, Британски Девствени Острови – 100% |
| 2 | Друштво за издавање и маркетинг СЛОБОДЕН ПЕЧАТ ДОО Скопје | „Слободен печат" | • Владимир Гаљак, Белград – 50%<br>• Друштво за печатење, дистрибуција и услуги ПЕЧАТ МК ДОО Скопје – 50% |
| 3 | Друштво за издавање и маркетинг ВЕЧЕР ПРЕС ДООЕЛ Скопје | „Вечер" | Сашо Богдановски – 100% |
| 4 | Друштво за новинско издавачка дејност, трговија и услуги КОХА ПРОДУЦТИОН ДОО Скопје | „Коха" | • Лирим Дулови – 60%<br>• Арбен Раткоцери – 40% |
| 5 | Трговско друштво за новинско издавачка дејност трговија производство и услуги КАПИТАЛ МЕДИА ГРОУП ДОО увоз-извоз Скопје | „Капитал" | • Љупчо Зиков – 6,09%<br>• Друштво за производство, трговија и услуги КАМБУРИС И БАРБА ДОО увоз-извоз Скопје – 41,39%<br>• Репро Оне Лимитед АД Тортола, Британски Девствени Острови - 51% |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | • Гордана Стојановска-Ицевска – 1,52% |
| 6 | Друштво за новинско издавачка дејност МЕДИА ПЛУС ФОКУС ДОО Скопје | „Фокус“ | Биљана Трошановска – 100% |
| 7 | Друштво за новинарство и издаваштво МЕДИЈА ПРЕС ВМ ДООЕЛ увоз-извоз Битола | „Битолски весник“ | Васка Младеновска – 100% |
| 8 | Друштво за производство, трговија и услуги ЈЕНИ БАЛКАН ДООЕЛ експорт-импорт Скопје | „Бахче“ | Муртеза Сулооца – 100% |
| 9 | Друштво за трговија, издаваштво и консалтинг АТВ МЕДИА КОМПАНИ увоз-извоз ДООЕЛ Скопје | „Лајм“ | Фејзи Ајдари – 100% |
| 10 | Друштво за трговија, услуги и издавачка дејност ЕУРО-МАК КОМПАНИ ДОО увоз-извоз Скопје | „Економија и бизнис“ | • Весна Јовановска – 68,5%<br>• Зоран Јовановски - 31,5% |
| 11 | Друштво за услуги АНТИЌ МЕДИА ДООЕЛ Скопје | „Портрет“ | Ружица Антиќ – 100% |
| 12 | Друштво за производство, трговија и услуги МЕДИУМ БОЈА 43 ДООЕЛ увоз-извоз Штип | „Штипски глас“ | Иванчо Бојаџиски – 100% |
| 13 | Друштво за производство, трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ПЛУС ДОО Скопје | „Убавина и здравје“<br>„The Economist“ | • Александар Наков – 51%<br>• Јована Стојменовиќ – 49% |
| 14 | Друштво за издавачка дејност БИРО ПРЕС ДОО Скопје | „Порта 3“ | • Александар Белев – 5%<br>• Љупчо Атанасовски – 5%<br>• Виктор Каранфилов – 10%<br>• Филип Филипоски – 5%<br>• Гоце Адамчески – 5%<br>• Предраг Мојсовски – 5%<br>• Стефан Каратуков – 5%<br>• Елена Филипоска – 5%<br>• Горан Јовановски – 5%<br>• Весна Гогова – 4%<br>• Емилија Петровска – 9%<br>• Александра Петровска – 9%<br>• Коста Костов – 10%<br>• Сандра Дончева – 9%<br>• Вања Дончева – 9% |
| 15 | Културно Здружение ВИЗИОНИ М Скопје | „Шења“ | Ердуан Даути – претседател |
| 16 | Друштво за медиуми издаваштво и маркетинг ЕХО МЕДИА ГРУПА ДООЕЛ Скопје | „Скопско ехо“<br>„Македонско ехо“ | Костадин Андоноски – 100% |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 17 | Друштво за издавачка дејност, трговија и услуги ЗЕНИТ ПРЕС ПЛУС увоз извоз ДОО Прилеп | „Зенит“ | • Светлана Ристеска – 50%<br>• Љупчо Мургоски – 50% |
| 18 | Здружение на граѓани за истражување, комуникации и за развој ПАБЛИК Скопје | „Лице в лице“ | Климентина Илијевски – овластено лице |
| 19 | Друштво за реклама и пропаганда КЛИКЕР МАРКЕТИНГ ДООЕЛ Скопје | „InStore“ | Верица Мартиновска – 100% |
| 20 | Друштво за развој на научно-техничка култура ЕМИТЕР ДОО Скопје | „Емитер“ | • Слободан Таневски – 75%<br>• Сашко Таневски – 25% |
| 21 | Друштво за издавачка дејност, маркетинг и компјутерски услуги НАРОДЕН ЛЕКАР ДООЕЛ Скопје | „Народен лекар“ | Арсен Колевски – 100% |

Единствен сопственик на Друштвото за производство, промет и услуги РЕПРО ПРИНТ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје е правното лице РЕПРО ОНЕ ЛИМИТЕД, со седиште на Британските Девствени Острови.

Сопственици на Друштвото за издавање и маркетинг СЛОБОДЕН ПЕЧАТ ДОО Скопје, со по 50% учество во основната главнина, се физичкото лице Владимир Гаљак од Белград и правното лице Печат МК ДОО од Скопје. Сопственици, пак, на Печат МК ДОО се Мирослав Јовановиќ (со учество од 10%) и Драган Живковиќ (со учество од 90%).

Трговското друштво за новинско издавачка дејност трговија производство и услуги КАПИТАЛ МЕДИА ГРОУП ДОО увоз-извоз Скопје е во сопственост на следните четири субјекти: правните лица „Репро Оне Лимитед“ (со учество од 51%) и „Камбурис и Барба ДОО увоз-извоз Скопје“ (со учество од 41,39%), како и физичките лица Љупчо Зиков (со учество од 6,09%) и Гордана Стојановска Ицевска (со учество од 1,52%). Сопственици на „Камбурис и Барба ДОО увоз-извоз Скопје“ се физичките лица Ленче Зикова и Љупчо Зиков, кои поседуваат по 50% од сопственоста на овој правен субјект.

## РЕЗИМЕ

За време на изработката на оваа публикација, како сопственици на телевизии се јавуваат 12 правни и 37 физички лица, а како сопственици на радиостаници – шест правни и 64 физички лица. Три радиостаници функционираат како посебни внатрешни организациони единици во рамки на универзитетите „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, „Св. Климент Охридски“ во Битола и „Гоце Делчев“ во Штип“.

Повеќе од еден сопственик имаат вкупно 16 радиодифузери - телевизиите Алсат-М, Стар, Ирис, Кобра, Свет и Плус, како и радиостаниците Антена 5, Метрополис, Јон, Ват, Клуб ФМ, Валандово, Мерак 5 ФМ, Про-ФМ, Кочани ФМ и Свети Николе.

Интеграција на капиталот има во четири случаи, односно исто физичко или правно лице е сопственик на ТВ Шења и ТВ Ера, на ТВ Полог и ТВ Ускана медиа, на Наша ТВ и РА РФМ, како и на РА Метрополис и РА Сити.

Како сопственици на 21 издавач на печатен медиум се јавуваат три правни и 38 физички лица. Два издавачи се здруженија.